20201882353

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 мај 2020 година донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ ВО ПРИМАРНАТА СТОМАТОЛОШКА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Правилникот за начинот на плаќањето на здравствените услуги во примарна здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 80/2004, 24/2005, 137/2006, 62/2011, 42/2012,7/2016 и 14/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 234/2019), по членот 5 се додава нов член 5-а, кој гласи:

„Член 5-а

Фондот врши плаќање на надоместокот доколку е платен придонесот за здравствено осигурување за месецот за кој се исплатува надоместокот.“

Член 2

По членот 6-а се додава нов член 6-б кој гласи:

„Член 6-б

Во случај кога лекарот – стоматолог е на подолготрајно боледување над 30 дена, односно на породилно отсуство, и по два неуспешни огласи, не може да вработи нов лекар да го заменува, во период најмногу до 270 дена од настанување на спреченоста за работа, здравствените услуги на осигурените лица ги пружа лекарот редовна замена, со обврска за превземање на медицинската сестра.

Исплата на надоместокот за капитација за осигурените лица на лекарот на подолготрајно боледување/породилно отсуство, се врши на 70% основна капитација. Лекарот редовна замена нема обврска да врши превентивни прегледи и да ги исполнува целите за осигурените лица на лекарот кој е на подолготрајно отсуство.

Исплата на надоместокот за капитација на лекарот редовна замена се врши за осигурените лица од став 1 и 2 на овој член, за лекарот кој е на подолготрајно боледување од триесет и првиот ден, а за лекарот кој е на породилно отсуство од првиот ден на спреченост за работа.“

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-7603/5
1 јуни 2020 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Дејан Николовски, с.р.